Република Македонија ***П Р Е Д Л О Г***
ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ
НА МАКЕДОНИЈА
Број: 02 - 2935/2
14.03. 2007 год.
С к о п ј е

ЗАПИСНИК
од XI-та седница на Управниот одбор на
Фондот за здравствено осигурување на Македонија,

одржана на 14.03.2007 година во 12.00 часот, во просториите на Фондот за здравствено осигурување на Македонија

Присутни членови на Управниот одбор:

- *Аљбон Џемаили, претставник од Министерството за здравство- претседател ;*
- *М-р Маријана Лончар Велкова, претставник на Организацијата на потрошувачите на Македонија- член*
- *М-р Борис Јосифовски, пензионер, член на Извршниот одбор на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија- член;*
- *Д-р Страшо Наумоски, претставник од Стоматолошката и Лекарската комора на Македонија-член.*

Отсутни:

- *Д-р Снежана Костадиноска Милошеска, државен секретар во Министерството за финансии - заменик претседател;*
- *ТрајчеЛеов, претставник на Стопанска комора на Македонија - член*
- *Д-р Љубиша Каранфиловски, вработен во ЈЗУ Здравствен дом Битола, претставник од Сојузот на синдикатите на Македонија - член.*

На седницата присуствуваше Љубица Јовчевска - вработена во Министерството за финансии, која во писмена форма го презентира ставот на заменик претседателот на УО Д-р Снежана Костадиноска Милошеска по првата точка од дневниот ред.

Присутни од ФЗОМ:

- *Георги Тренкоски, директор на ФЗОМ*
- *Слаѓана Пешевска, помошник на директорот за секторот човечки ресурси*
- *Ромела Поповиќ, помошник на директорот за финансии*

- *Маја Чемерикиќ, помошник на директорот за секторот за спроведување на меѓународни конвенции*
- *Лидија Маркузанова, началник на одделение за човечки ресурси*
- *Христо Трповски, дипломиран правник во својство на записничар*

Пред започнување на седницата, на присутните членови на Управниот одбор им беа поделени:

- *Покана за единаесетата седница;*
- *Записник од десетата седница на УО на ФЗОМ;*
- *Пречистен текст на Статутот на ФЗОМ.*

Претседателот Аљбон Џемаили ја отвори седницата. Ги извести присутните членови на УО дека седницата е закажана како итна заради потребата утврдениот пречистен текст на Статутот на ФЗОМ да се најде на следната седница на Владата на Република Македонија која согласно Законот за здравственото осигурување дава согласност на статутот на Фондот. Откако утврди дека на седницата присуствуваат потребниот број членови за полноважно одлучување, го предложи следниот

П Р Е Д Л О Г - Д Н Е В Е Н Р Е Д

-Усвојување на записникот од X седница на УО одржана на 28.02.2007 година;

1. *Утврдување на пречистен текст на Статутот на ФЗОМ;*
2. *Разно.*

Членовите на Управниот одбор на ФЗОМ едногласно го прифатија и усвоија предложениот

Д Н Е В Е Н Р Е Д

-Усвојување на записникот од X седница на УО одржана на 28.02.2007 година;

1. *Утврдување на пречистен текст на Статутот на ФЗОМ;*
2. *Разно.*

Потоа се пристапи кон разгледување на точките од дневниот ред.

- Усвојување на записникот од деветата седница на УО, одржана на 09.02.2007 година

Членовите на Управниот одбор, едногласно и без забелешки го усвоија записникот од деветата седница.

***ТОЧКА 1** - Утврдување на пречистен текст на Статутот на ФЗОМ*

Помошникот на директорот за секторот човечки ресурси Слаѓана Пешевска објасни пред членовите на УО дека на 09.03.2007 се одржа седница на Комисијата за човечки ресурси на Владата на Република Македонија на која е укажано на потребата што побрзо да се утврди пречистен текст на статутот на Фондот. Истовремено беше поддржан и неговиот текст. Бидејќи следната седница на Владата ќе се одржи на 20.03.2007 година

Началникот на одделението за човечки ресурси Лидија Маркузанова објасни дека согласно Законот за здравственото осигурување, Владата на Република Македонија дава согласност на статутот на Фондот. Последната измена е извршена на IX седница на Управниот одбор на 09.02.2007 година. Стручната служба на Фондот го изготви пречистениот текст кој ги вклучува и овие измени и кој сега се наоѓа пред членовите на Управниот одбор.

По дискусијата во која се вклучија сите присутни членови на УО, едногласно го утврди

Пречистениот текст на
Статутот на Фондот за здравствено осигурување на Македонија

***ТОЧКА 2** - РАЗНО*

Под точката разно директорот на ФЗОМ Георги Тренкоски го извести одборот за тековните активности на Фондот.

2.А Известување за состојбата на снабдувањето со лекови во аптеките.

Беше направена контрола по случаен избор на повеќе аптеки во Скопје откако аптеките објавија дека немаат лекови. При контролата се утврдија залихи во вредност од околу 40.000.000,00 денати. Покрај тоа, кога контролорите на Фондот ги провериј требувањата на аптеките се утврди дека за 70% од лековите воопшто и не се правени требувања. Потоа, на осигурениците им се кажува дека има недостаток на лекови.

Маја Чемерикиќ го извести УО за начинот на плаќање на аптеките кој ќе се промовира со новите договори кои ќе се склучуваат. Според овој начин на плаќање, 60% од средствата што ќе ги плаќа Фондот ќе се однесуваат на фармацевтскиот тим, 24% ќе зависат од континуираноста на работата на аптеката на локацијата, а останатите 16% ќе се исплаќаат врз основа на критериумите како близина на здравствена установа до аптеката и пристапност на аптеката за хендикепирани лица.

Маријана Лончар праша како да се провери колку лекови се продадени комерцијално од лековите од кои има залиха на количини со бандерола т.е. платени од Фондот. Предложи и за тоа да се направи контрола во аптеките.

Според Маја Чемерикиќ аптеките некои лекови набавени од Фондот воопшто и не ги требуваат. За жал и институцијата рецепт не профункционира па аптеките издаваат лекови и без рецепт.

Директорот Тренкоски на ова додаде дека до Фондот доаѓаат информации дека во аптеките вработените дури се наградуваат врз основа на бројот на комерцијално продадени лекови. Со тоа јасно се дестимулира издавањето на лековите набавени од Фондот кои осигурениците можат да ги добијат со плаќање на партиципација. На некој начин, договорот со Фондот на аптеките им служи како средство за привлекување потрошувачи. Кога потрошувачот знае дека аптеката има договор со Фондот ја посетува за да добие лек со партиципација. На тој начин стекнува навика секогаш кога има потреба од лек да ја посетува таа аптека па и кога ќе треба да ја плати комерцијалната цена на лекот. Единствено решение за надминување на овој проблем е компјутерско поврзување на Фондот со аптеките. На тој начин во секој момент ќе имаме увид во која аптека има залихи од кој лек. Тогаш Фондот ќе може да контролира дали аптеката се придржува кон договорот со Фондот па во случај на негово кршење да превземе соодветни мерки.

2.Б Инвестиции во здравството

Фондот размислува и за инвестиции во здравството и тоа најмногу во дијагностиката. Потребно е да се купат мамограф, апарат за магнетна резонанца, компјутеризиран томограф и тоа според најновите стандарди. Постои дилема дали Фондот воопшто треба да инвестира во објекти и средства, но убеден сум дека со инвестирање во ваква опрема нивото на здравствени услуги што ги обезбедува Фондот значително ќе се зголеми. Доколку тоа не се стори за многу кусо време нема да имаме задоволително ниво на здравствени услуги. Се разбира дека тоа и финансиски ќе се одрази на Фондот бидејќи незадоволителната примарна здравствена заштита ќе предизвика повеќе лекувања на секундарно и терцијарно ниво.

Управниот одбор заврши со работа во 13.45 часот.

Записничар,
Христо Трповски

Управен одбор
Претседател,
Аљбон Џемаили